РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА
Бр. 09-2962/1
19.11. 2025 год.
МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр 05/02, „Службен весник на РСМ“ бр.84/20, 202/24), а во согласност со Политиката за интегритет на Општина Македонска Каменица бр. 09-676/1 од 15.04.2021 година, Градоначалникот на Општина Македонска Каменица, го донесе следново:

Р Е Ш Е Н И Е
за назначување на лице за интегритет

1. За лице за интегритет во **Општина Македонска Каменица** се назначува **Васко Десподовски**, распореден на работно место **Соработник за организациони работи, информирање и односи со јавност**

2. Именуваното лице за интегритет се задолжува да го следи спроведувањето на политиката и системот на интегритет во институцијата, а особено да ги извршува следниве работни задачи:

- да го координира воспоставувањето и спроведувањето на системот за интегритет во институцијата;
- да работи на процеси за внатрешна усогласеност со стандардите за интегритет и етичко однесување;
- да врши проценка и да дава препораки за надминување на детектираните ризици од корупција и судир на интереси;
- да ги советува вработените и раководните лица за примена на стандардите на системот за интегритет и постапување при сомнеж за корупција или судир на интереси;
- да соработува со Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) и да изготвува редовни извештаи за состојбата со интегритетот до раководното лице.

3. За извршување на задачите од точка 2 на ова решение, на именуваното лице му се обезбедува потребната самостојност, пристап до информации и поддршка од сите организациски единици во институцијата.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето и престанува да важи Номинацијата на лице за интегритет на Весна Дончевска бр.09-1547/1 од 11.08.2023 година. Истото ќе биде објавено на огласна табла и на веб страната на институцијата.

Образложение

Заради воспоставување и унапредување на системот за интегритет, зајакнување на отпорноста кон корупција и судир на интереси, како и градење на доверба кај граѓаните преку законито, непристрасно и транспарентно работење, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Општина Македонска Каменица
Градоначалник
Соња Стаменкова

Доставено до:
Именуваното лице
Одделение за човечки ресурси
Државна комисија за спречување на корупцијата (ДКСК)
Архива